# Статистичко истражување за надворешна трговија според економските карактеристики на деловните субјекти

## МТПБ_НТ.ТЕК_А_МК_2023_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за надворешна трговија | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Катерина Давкова | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| Даме Груев 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| katerina.davkova@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 677 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 22/07/2025 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 22/07/2025 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

22/07/2025

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Главна цел на стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата(ТЕК) е спојување на двете големи статистички области,бизнис статистиката и надворешна трговија
За таа цел,трговијата на стоки помеѓу земјите е расчленета според економска активност,големина на претпријатијата,географска диверсификација и разменувани стоки.
Податоците се групирани во 9 датасетови,секој фокусирајки се на специфичен аспект
Табела: Стоковна размена според секторите на дејност и вид на претпријатијата
Со оваа табела се обезбедува информација за тоа како претпријатијата се вклучени во меѓународната трговија. Таа го покажува бројот на претпријатија кои учествуваат само во еден вид на трговија или во двата вида и вредностите што ги остваруваат овие претпријатија.
Табела: Стоковна размена според секторите на дејност и големината на претпријатијата
Оваа табела има за цел да го покаже придонесот на економските сектори и големината на претпријатијата (според бројот на вработени) во вкупната трговија. Овие податоци овозможуваат анализа на ефектите на меѓународната трговија врз вработеноста, како и оценка на важноста на малите и средните претпријатија за стоковната размена.
Табела: Концентрација на стоковната размена по вредност според секторите на дејност
Меѓународната трговија обично е концентрирана во неколку претпријатија. Оваа табела има за цел да покаже колку од вкупната стоковна размена отпаѓа на првите 5, 10, 20 итн. претпријатија.
Табела: Стоковна размена по групации на земјите и сектори на дејност
Оваа табела го прикажува бројот на претпријатија кои тргуваат со одредени земји или групи на земји и нивната вредност. Податоците во табелата овозможуваат да се идентификуваат заедничките извозни или увозни пазари.
Табела: Стоковна размена според бројот на партнер-земји и секторите на дејност
Оваа табела го прикажува бројот на партнер-земјите од каде што стоката се увезува или извезува од страна на претпријатијата од соодветните сектори на дејност.
Табела: Стоковна размена според производи и сектори на дејност
Оваа табела прикажува кои сектори на дејност се вклучени во трговијата на секоја група на производи. Податоците овозможуваат трговијата на секој производ да се поврзе со дејноста на претпријатието кое ја врши трговијата.
Табела: Стоковна размена според интензитетот на извозот и сектори на дејност
Оваа табела ги категоризира претпријатијата според важноста на странските пазари во нивните продажби. Хетерогеноста на претпријатијата станува значаен индикатор во современиот развој на глобалниот пазар.
Табела : Стоковна размена по сектори на дејност
Оваа табела го прикажува учеството на секторите, отсеците и групите на економските активности (дејности) на претпријатијата во вкупната трговија. Овој индикатор може да се користи за анализа на атрактивноста на секоја од економските активности на претпријатијата во извозно-увозните пазари. Исто така, варијаблите од оваа табела може да се поврзат и да се анализираат вкрстено со индикаторот за интензитет на извозот.
Табела: Стоковна размена според земјите-партнери и големината на претпријатијата

Оваа табела го прикажува бројот на претпријатијата според нивната големина (според бројот на вработени) кои тргуваат со одредени земји-партнери или групации на земји и вредноста која ја реализираат (остваруваат) во таа трговија. Овој индикатор има за цел да ги идентификува вообичаените извозни или увозни пазари според големината на претпријатијата.

## 3.2 Систем на класификации

1) Национална класификација на дејности, НКД Рев.2,
2) Класификација на производи по дејности, КПД,
3) Список на држави, СДРЖ ,
4) Номенклатура на територијалните единици за статистика НТЕС.

## 3.3 Опфат на сектор/и

ТЕК податоците ги опфаќаат секторите на дејности, од А до Р од класификацијата NKD Rev.2.

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Број на претпријатија
Број на претпријатија е број на регистрирани правни или физички лица кои во текот на годината на набљудување тргувале со стока со други земји.
Големина на претпријатијата
Големина на претпријатијата се утврдува според бројот на вработени во претпријатието. Податоците според овој индикатор се поделени во следниве групи на претпријатија: микро претпријатија (0-9 вработени), мали претпријатија (10-49 вработени), средни претпријатија (50-249 вработени) и големи претпријатија (250 или повеќе вработени).
Вработени
Вработени ги опфаќа лицата кои се вработени и самовработени лица со задолжително социјално осигурување, без оглед на тоа дали тие се вработени со полно или со скратено работно време.
Вредност на стоката
Вредност на стоката е искажана врз основа на цените што ги постигнале претпријатијата при склучување на договорите. Сите вредности за увезената и за извезената стока се пресметани врз база на паритетот франко-македонска граница. Вредноста на стоките увезени или извезени после преработката е таканаречена бруто-вредност и ја вклучува вредноста на увезените или извезените стоки (материјали) плус вредноста на извршената услуга.
Опфат на стоките
Целта на статистиката на надворешно-трговската размена е да го евидентира целокупниот увоз или извоз на стоки кои ги зголемуваат или намалуваат материјалните ресурси на земјата и имаат директно влијание на националната економија. Извозот опфаќа: редовен извоз, извоз заради облагородување во странство, извоз во странство после внатрешна преработка или преработка под царинска контрола. Увозот опфаќа: редовен увоз, увоз за внатрешна преработка или преработка под царинска контрола, увоз по извршено облагородување во странство.
Земја-партнер
Како земја-партнер во извозот се прикажува земјата на дестинација, а кај увозот се прикажува земјата на потекло.
Земја на потекло

Земјата на потекло укажува на земјата во која стоките се целосно произведени или каде што е направена последната значајна промена.
Земја на последна позната дестинација
Земја на последна позната дестинација укажува на последната земја којашто е позната во време на пуштање на стоките во царинска постапка или царинска дозволена постапка дека стоките треба да бидат испорачани.
Интензитет на извозот
Интензитетот на извозот укажува на учеството на извозот во прометот на претпријатијата (се пресметува како однос помеѓу извозот и прометот).

## 3.5 Статистичка единица

Статистичката единица е претпријатие кое во одреден период на набудување извезувало стоки во други земји (извозници) и / или увезувало стоки од други земји (увозници).
Множеството податоци е подготвено со поврзување на деталните податоци за трговија со стоки со деталните податоци од деловниот регистар на Р.С.Македонија.

## 3.6 Статистичка популација

Статистичката популација ја сочинуваат сите претпријатија што припаѓаат на секторите на дејности од А до Р од класификацијата NKD Rev.2 вклучени во трговските текови, со исклучок на трговијата реализирана од страна на физички лица. Учеството на физичките лица во трговската размена е незначајно.

## 3.7 Референтна област

Р.С. Македонија

## 3.8 Временска покриеност

Податоците за ТЕК се десиминираат на национално ниво.
Од 2009 година како референтна година се десеминираат задолжителните податоци
Од 2012 година како референтна година се десиминираат и задолжителните и факултативните податоци

## 3.9 Базен период

Не е применливо

# 4 Единица на мерење

Стоковна размена во илјади евра
Број на претпијатија

# 5 Референтен период

Референтен период е календарската година.

# 6 Институционален мандат

## 6.1 Законски акти и други договори

Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16 и 83/18, 220/18, 31/20) и Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/23 и 57/25). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8)
Меѓународни: Регулатива (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6

Мај 2009, Регулатива (ЕЗ) бр. 92/2010 на Комисијата од 2 Февруари 2010; бр. 113/2010 на Комисијата од 9 Фебруари 2010; бр. 2658/87 на Комисијата од 23 Јули 1987; бр. 2913/92 на Комисијата од 12 Октомври 1992. Методологија на стоковата размена Евростат 2006, Упатство за спроведување на INTRASTAT и EXTRASTAT законодавството, Евростат 2014, Меѓународните стокови и трговски статистички концепти и дефиниции на статистичката служба на Обединети нации (ИМТС2010).
Легислатива применлива од 1 Јануари 2022
Регулативата (ЕУ) 2019/2152 на Европскиот Парламент и Советот од 27 Ноември 2019 за Европските бизнис статистики и нејзините имплементирачки регулативи

## 6.2 Споделување на податоци

Не е применливо

## 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .
2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Членовите 8 и 9 од Регулативата (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 мај 2009 година, во делот кој го регулира спроведувањето на статистиката за стоковна размена по економски карактеристики, јасно ја пропишуваат употребата на активна доверливост. Доверливоста е направена со користење на софтверската програма Т-Аргус. Потврдување на опсежната имплементација на доверливоста во насока дали секундарната доверливост е целосно применета, се прави со користење на макро за валидација.

## 8 Политика за објавување

## 8.1 Календар на објавување

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот на навремено објавување, кој се ажурира квартално.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

https://www.stat.mk/en/publishing-calendar/#/

## 8.3 Кориснички пристап

Сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

## 9 Фреквенција на дисеминација

Податоците за стоковната размена по економски карактеристики на претпријатијата се ажурираат еднаш годишно со нова референтна година.

| 10 | **Достапност и јасност** |
|---|---|
| | |
| **10.1** | **Соопштенија** |

Соопштение со ТЕК податоците се објавува на годишно ниво и е достапно на веб-страницата на ДЗС во делот: „ Соопштенија“.

Стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата, 2023

| **10.2** | **Публикации** |
|---|---|

Не е применливо

| **10.3** | **Онлајн база на податоци** |
|---|---|

МАКСТАТ датабаза

| **10.4** | **Пристап до микроподатоци** |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22).

| **10.5** | **Друго** |
|---|---|

Не е применливо

| **10.6** | **Документација за методологијата** |
|---|---|

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика
https://www.stat.gov.mk/Met.IPA.7.8.15.Mk.pdf

| **10.7** | **Документација за квалитетот** |
|---|---|

Не е применливо

| 11 | **Управување со квалитет** |
|---|---|
| | |
| **11.1** | **Обезбедување на квалитетот** |

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework--https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

| **11.2** | **Оценка на квалитетот** |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| | |
|---|---|
| **12** | **Релевантност** |
| | |
| **12.1** | **Потреби на корисниците** |

Овие податоци овозможуваат да се измери, од една страна, придонесот на реалните економски сектори во тргувањето, а од друга страна, да се надополнат деловните податоци со детални информации за трговијата, да се анализираат ефектите од меѓународната трговија врз производството, вработувањето и перформансите на претпријатијата.

| | |
|---|---|
| **12.2** | **Задоволство на корисниците** |

ТЕК податоците на национално ниво се објавуваат секоја година.
Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| | |
|---|---|
| **12.3** | **Комплетност** |

Во однос на варијаблите кои се предвидени според Регулатива (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 Мај 2009, ДЗС има скоро целосна покриеност, со исклучок на физичките лица.

| | |
|---|---|
| **13** | **Точност и веродостојност** |
| | |
| **13.1** | **Севкупна точност** |

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| | |
|---|---|
| **13.2** | **Примерочни грешки** |

Не е применливо

| | |
|---|---|
| **13.3** | **Непримерочни грешки** |

Не е применливо

| | |
|---|---|
| **14** | **Навременост и точност** |
| | |
| **14.1** | **Навременост** |

Т+630 календарски денови

| | |
|---|---|
| **14.2** | **Точност** |

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

| | |
|---|---|
| **15** | **Кохерентност и споредливост** |

| | |
|---|---|
| **15.1** | **Географска споредливост** |
| Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво. | |
| **15.2** | **Временска споредливост** |
| Постои промена поврзана со дефинирањето на ЕУ по приклучувањето на Хрватска кон ЕУ во 2013 година (од ЕУ27 во ЕУ28).<br>Брегзит, повлекување на Обединетото Кралство од Европската унија во 2020 | |
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| Податоците се кохерентни со податоците на Статистичкиот деловен регистар на Р.С.Македонија. | |
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Обезбедена е внатрешна кохерентност на податоците. | |
| **16** | **Трошок и оптовареност** |
| Податоците за ТЕК се добиени со спојување на податоци од два главни статистички домени: статистиката на меѓународна трговија со стоки и статистиката од бизнис регистарот. При тоа не е потребно специфично собирање податоци, што значи дека трошокот е ништовен за трговците и деловните субјекти.<br>Трошокот за подготовка на податоците за ТЕК се однесува само на чекорите за нивно составување извршени од ДЗС. | |
| **17** | **Ревизија на податоците** |
| | |
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Ревизијата на податоците се врши согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС:<br>https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25 | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
| Податоците се дефинитивни. Тие можат да се ревидираат, поради ревизија на дефинитивните податоци за надворешната трговија, промена во методологијата на истражувањето на ниво на ЕУ, или поради методолошки подобрувања. | |
| **18** | **Статистичка обработка** |
| | |
| **18.1** | **Извори на податоци** |
| Статистиката за меѓународна трговија на стоки според карактеристиките на претпријатието се изведува од два извори на податоци: годишни дефинитивни податоци за размена на стоки и податоци земени од деловниот регистар. | |
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |
| Фреквенцијата на собирање податоци за двата извори (дефинитивни податоци за размена на стоки и деловен регистар) е годишна. | |

## 18.3 Прибирање на податоците

Прибирање на податоците за надворешно-трговската размена
Секој месец Царинската Управа, во xml формат, ги доставува податоците од дигиталната царинска декларација за последниот месец, вклучувајќи ги и ревидираните податоци за претходните месеци и година. Периодот на пренесување е најдоцна 15 дена по завршување на референтниот месец.
Прибирање на податоците од Деловниот Регистар
Одржувањето на деловниот регистар обично се заснова на ефективно користење на различни административни и статистички извори на податоци. Фреквенцијата на негово ажурирање зависи од видот на единицата, разгледуваната променлива, големината на единицата и изворот што генерално се користи за ажурирањето. Клучните карактеристики како што се економските/стратификационите променливи се ажурираат годишно.
Состојбата на деловниот регистар на одреден датум (31.12.2022) се користи како извор за собирање на податоците од ТЕК.

## 18.4 Проверка на податоците

Проверки на квалитетот на податоците за ТЕК:
Проверка во рамките на податоците: комплетноста на секоја база на податоци и единственоста на записите, валидноста на кодовите, валидноста на комбинациите на кодови во различните димензии, меѓурекордните проверки на конзистентност;
Проверка меѓу базата на податоци: конзистентност на стоковната размена и бројот на претпријатија поврзани со слични комбинации низ сетот од табели;
Проверка во рамките на доменот: проверка на кохерентноста помеѓу вредностите објавени во базата на податоци ТЕК и вредностите што произлегуваат од податоците на статистиката на надворешно-трговската размена.

## 18.5 Компилирање податоци

Обработката на податоците се врши според соодветниот водич за стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата. Првиот чекор е поврзување на деталните податоци за трговијата со стоки со деталните податоци од Статистичкиот деловен регистар на Р.С.Македонија. Во следните чекори се применува активна доверливост, податоците се групираат во точно дефинирани табели според одредени карактеристики и се подготвува соодветен формат за дисеминација на податоците и нивно доставување до Евростат.

## 18.6 Прилагодување

## 19 Коментар

## A.1 Анекси